**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 14.08.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 3663 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** <u>контролен</u>

**2. Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица

**3. Датум на извршување на надзорот:** 14.08.2017 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши за да се констатира дали Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица пренесувало кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, што е спротивно на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување Уп.1 бр.03-274 од 25.05.2017 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2544/1 од 19.05.2017 година.

Решението е уредно примено на 26.05.2017 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица констатирано е дека радиодифузерот постапил во целост по упатеното

решение, односно го усогласил своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено на ден 31.07.2017 година, со писмен допис бр.11-3454/1, Агенцијата побара од Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица во рок од 5 дена од денот на приемот на дописот да достави договори склучени со имателите на права за емитување на следниве играни филмови:

- "Последно Возење" (Last Ride) и
- "На работ на смртта" (Dying on the Edge).

На ден 07.08.2017 година, Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица достави документација (наш бр. 11-3454/2) од којашто беше констатирано дека договорот не е преведен од страна на судски преведувач и не е заверен на нотар.

Агенцијата со нов допис (наш бр11-3454/3 од 09.08.2017 година) побара од радиодифузерот да достави договор согласно важечките акти на Агенцијата.

На ден 10.08.2017 година, Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица ја достави бараната, од наша страна, документација (наш бр.11-3454/4) од којашто беше констатирано дека преку валидни договори склучени со имателите на правата, ги имаат регулирано правата за емитување на наведените играни филмови.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**